HALKBANK

# Услови за користење на СМС услуга од Халкбанк АД Скопје

1. **Вовед**
   Со овие услови за користење на СМС услугата се утврдуваат правата и обврските на корисниците на оваа услуга, иматели на платежни картички издадени од Халкбанк АД, Скопје
2. **Карактеристики на СМС услугата**
   СМС услугата му овозможува на корисникот преку СМС порака да добие информација на мобилен телефон за секоја успешна или неуспешна платежна трансакција со платежна картичка од Халкбанк АД, Скопје реализирана преку банкомат,ПОС терминал и Интернет.
   Известувањето ги опфаќа сите платежни картички на подносителот на барањето, основни, дополнителни кредитни и дебитни платежни картички издадени од Халкбанк АД, Скопје
   СМС Известувањето ги опфаќа: моментално расположлива состојба на платежната картичка, износот, местото и датумот на следните платежни трансакции:
   - Подигање на готовина од банкомат,
   - Подигање на готовина од ПОС терминал на шалтери во Банките,
   - Трансакција на ПОС терминал,
   - Интернет платежни трансакции,
   - Проверка на состојба на платежната картичка на банкомат
3. **Предности на услугата**
   - Заштита од злоупотреба на платежната картичка
     *Во случај на добивање на СМС известување за платежна трансакција која не е направена од Ваша страна или од страна на имателите на дополнителни платежни картички, веднаш блокирајте ја платежната картичка на следниот телефон: **02/3296 330 (24/7) или на е-маил: Help24@halkbank.mk**
   - Заштита од повеќратно извршување на иста платежна трансакција на ПОС терминали
   - Проверка на износот од извршената платежна трансакција
4. **Начин на користење на СМС услугата**
   За користење на СМС услугата корисникот на основната платежна картичка /правното лице го пополнува барањето кое е достапно во деловните простории на банката/ филијалите на Халкбанк АД Скопје или на веб страна на банката и потоа може да го достави на еден од следните начини -:
   - во филијалите/експозитурите на Халкбанк АД, Скопје
   - на help24@halkbank.mk
5. **Прекин на користење на услугата СМС услугата**
   Прекин на користење на услугата може да настане на барање на Банката или на барање на корисникот.
   **Корисникот** може привремено или трајно да ја откаже СМС услугата за што поднесува до Банката барање за престанок на услугата на начин предвиден во точка 4 од ова упатство со што Банката ја прекинува употребата на услугата.
   **Банката** има право да го прекине користењето на услугата без претходно образложение доколку корисникот не ги почитува условите за користење на услугата и нередовно го подмирува месечниот надомест за услугата.
6. **Трошоци за користење на СМС услугата**
   Банката за користење на услугата пресметува и наплатува од платежната сметка на корисникот надоместоци/провизии согласно тарифата за надоместоци и услуги на банката која е променлива и објавена на веб страна на Банката. Во случај корисникот на услугата да нема доволно средства на платежната сметка, Банката без претходна најава врши наплата на надоместокот од расположливите средства на корисникот во Банката по сите основи. Банката еднострано го прекинува користењето на услугата,доколку не се подмируваат месечните надоместоци од страна на корисникот на услугата.

## Барање за користење/прекин на СМС услуга

☐ Ве молам да ми овозможите користење на СМС услугата.

☐ Ве молам да ми овозможите користење на СМС услугата со прикажување на моментално расположлива состојба на платежната картичка.

☐ Ве молам да ми овозможите прекин на СМС услугата.

**Податоци за подносителот на Барањето**

**Име и Презиме:**

**Матичен број:**

**Адреса:**

**E mail:**

**Број на мобилен телефон за основна платежна картичка:**
**Физички лица :**
**Дебитни платежни картички:**

Visa PayWave Electron ☐ Visa Platinum ☐ Mastercard Debit Contactless ☐
**Кредитни платежни картички:**

Visa Classic ☐ Visa PayWave Credit ☐ Visa Gold ☐ Visa Travel ☐

Mastercard Standard ☐ Mastercard Credit Contactless ☐ Mastercard World ☐

**Дебитни деловни платежни картички:**

Visa Business Debit ☐ Mastercard Business Debit ☐
**Кредитни деловни платежни картички:**

Visa Business ☐ Mastercard Business ☐ Co-Brand ☐

**Број на мобилен телефон за дополнителна платежна картичка:**
**Физички лица :**
**Дебитни платежни картички:**

Visa PayWave Electron ☐ Visa Platinum ☐ Mastercard Debit Contactless ☐
**Кредитни платежни картички:**

Visa Classic ☐ Visa PayWave Credit ☐ Visa Gold ☐ Visa Travel ☐

Mastercard Standard ☐ Mastercard Credit Contactless ☐ Mastercard World ☐

**Дебитни деловни платежни картички:**

Visa Business Debit ☐ Mastercard Business Debit ☐
**Кредитни деловни платежни картички:**

Visa Business ☐ Mastercard Business ☐ Co-Brand ☐

*Јас долупотпишаниот своерачно под полна морална, материјална и кривична одговорност ја потврдувам точноста на податоците дадени во ова барање. Со потпишување на ова барање, потврдувам дека сите наведени податоци се вистинити. Информиран сум дека моите лични податоци во врска со овој предмет, вклучувајќи го и мојот единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), Банката ги користи при вршење на работите кои произлегуваат од делокругот на нејзиното работење, а за цел и во врска со поднесеното барање: обработка, одобрување, следење, пренесување, вклучително и во матичната банка во Р. Турција, и/или други дејствија во рамките на банкарското работење, според прописите и актите од делокруг на работењето на Банката согласно закон, а во корелација со прописите за заштита на личните податоци.
За секоја промена на личните податоци (вклучувајќи ги и адресните податоци) се обврзувам дека навремено во рок од три работни дена и писмено ќе ја известам Банката согласно рамковните општи услови.
Во спротивно, секоја достава од страна на Банката до клиентот се смета дека е уредно извршена на адресата на живеење, наведена во Барањето и Банката не одговара за евентуалните штетни последици од настанатите промени.
-Се согласувам и ќе постапувам согласно условите за користење на СМС услугата кои се составен дел на ова барање ;
<u>Исто така согласен сум моите лични податоци Банката:</u>

☐ да ги користи за цели на директен маркетинг*

☐ да не ги користи за цели на директен маркетинг*

*Клиентот кој се согласил неговите лични податоци да бидат користени за цели на директен маркетинг има право во секое време, без надоместок со писмено барање до Банката да побара неговите лични податоци да не бидат користени за цели на директен маркетинг.

**Потпис на подносителот на Барањето** ____________________________

**Пополнува Банката**

**Датум на прием на Барањето:**

**Експозитура:**

**Барањето го примил и одобрил:**

**Потпис:**

* Ве молиме барањето да биде јасно пополнето од Ваша страна